Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
27.10.2014
10 | 5191 | 1

**ИЗВЕШТАЈ**

**од контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, емитуван на 12 октомври 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

- **Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства или со просторни средства).

*На 1 септември 2014 година, за непочитување на член 98 став 1 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 4 август 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД Телевизија КОБРА ДОО Радовиш.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, емитуван на 12 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.10.2014 година*